# 252. БОГ ДА БИЕ КОЧАНСКИ СЕЈМЕНИ




Бог да бие Кочански сејмени, џанам,
бог да бие Кочански сејмени.
што спаднале во село Зрновци.

Ој те вие Зрновски селани, џанам,
ој те вие Зрновски селани,
нема веќе Зрновски комити.

Ми собрале Зрновски селани, џанам,
ми собрале Зрновски селани,
ми одвеле горе на сред село,
на сред село таму кај чешмата.

Уште зборот не ми го дорекле, џанам,
уште зборот не ми го дорекле,
истераја Зрновски комити,
истераја Кочански сејмени.



Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995